Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **музичко образование** за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **пречки во психичкиот развој, аутизам и мултихендикеп** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

**IX одделение**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Скопје, август 2014**

## 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и затоа таа има свое значајно место во воспитанието и образованието.

Целта на наставата по музичко образование во третиот период на основното образование (VII–IX одделение) е учениците да ги применуваат знаењата, да ги прошируваат и да стекнуваат нови знаења од областа на музиката и музичкото изразување. Музичкото образование ги оспособува учениците да станат активни корисници и чинители на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Заедно со ликовното образование и со другите содржини присутни во одредени предмети (на пример, во мајчиниот и странскиот јазик), музичкото образование влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност и им се овозможува постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката влијае врз поттикнувањето позитивни емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование дава значаен придонес во развојот на учениците, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнувањето на музичкото изразување.

Наставниот предмет музичко образование за учениците со **пречки во психичкиот развој, аутизам** и **мултихендикеп** во посебните основни училишта и во посебните паралелки во ракмките на редовните училишта е задолжителен и се изучува со фонд 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да пее нови песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- да разликува рамноделни и нерамноделни тактови по слух;
- да применува правилна вокална интерпретација;
- да развива способност за слушање на музичко дело;
- да развива способност за целосно слушње на музичко дело;
- да воочува, препознава и разликува разни видови музички дела;
- да ги препознава по слух и именува слушаните дела (композитор и наслов);
- да стекнува навика за слушање музичко-сценски дела;
- да ги именува музичките елементи на музичко-сценските дела;
- да стекнува сознанија за животот и творештвото на одредени комозитори;
- да се запознае со претставниците на популарната музика во Македонија;
- да ги споредува жанровите на популарната музика;
- да ја сфати улогата на музиката во филмот;
- да формира музички вкус;
- да формира сопствен став за убавото во музиката;
- да ги продлабочува знаењата за дурските и молските скали;
- да ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост;
- да ги препознава и именува видовите инструменти;
- да ги продлабочува знаењата за музичките форми;
- да ги продлабочува знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво;
- да развива умеења и навика за примана на ИКТ при реализација на поставените задачи.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА (14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>**-**да применува правилен пејачки став;<br><br>- да го развива опсегот на гласот;<br><br>- да применува правилна вокална интерпретација;<br><br>- да се оспособува за групно пеење;<br><br>- да развива чувство за ритам;<br><br>- да пее песни различни по содржина и карактер. | - Пеење по слух: уметнички, забавни, народни песни со соодветна содржина и тонски обем<br><br>- Пеење народни песни по слух | | -Вежби за усовршување на правилното пеење, држење на телото и правилно дишење со помош на микрофон, озвучување и огледало, каде ученикот ќе може да се види себеси и да го слушне својот глас.<br>- Пеење песни различни по содржина и карактер според постапката на обработка на песна по слух со опсег соодветен на гласовните можности на учениците со помош на говорна табла на која сликовито и аудитивно (гласот на наставникот) се претставени фразите од песните (пр.: обработка на песна по избор на наставникот).<br>**Напомена:** Наставникот треба да внимава опсегот на песните да одговара на гласовните можности на учениците.<br><br>- Пеење по слух на кратки мелодиски мотиви со помош на наставникот и со помош на аудио-визуелни средства.<br><br>- Пеење на македонски традиционални народни песни и песни од различни етнички заедници со помош на наставникот и користење на аудио-визуелни средства).<br><br>- Пеење на детски песни од домашните детски музички фестивали.<br>- Пеење на популарни песни од забавен карактер. |

| 2. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги препознава визуелно знаците на нотното писмо;<br><br>- да ги посочува мануелно знаците на нотното писмо;<br><br>-да ги применува знаците на нотното писмо;<br><br>-да ги применува знаците за повторување;<br><br>-да ги препознава нотните траења:<br>цела нота,<br>половина нота<br>четвртина нота. | -Елементи на нотното писмо<br>-Знак за повторување (прима волта и секунда волта)<br>-Нотни траења:<br>цела нота,<br>половина нота<br>четвртина нота | -Петолиние<br>-Виолински клуч<br>-Нота<br>-Знак за повторување (прима волта и секунда волта)<br>-Цела нота<br>-Половина нота<br>-Четвртина нота | -Примена на елементите на нотното писмо: нота, петолиние, виолински клуч со помош на нагледни средства - ламинирани материјали самостојно изработени од наставникот, наставни листови за графомоторни вежби, сликовити (ПЕЦС) материјали и едукативни играчки, сложувалки, карти за игра мамориja и користење на ИКТ во наставата.<br><br>- Примена на елементите на нотното писмо преку ритмички вежби со помош на наставникот и нагледни средства-петолиние нацртано на подот.<br><br>-Мелодиски вежби со примена на знакот за повторување (прима волта и секунда волта).<br><br>-Ритмички вежби со застапени различни нотни траења (цела, половина и четвртина нота).<br><br>-Боење на елементите на нотното писмо на наставни ливчиња подготвени од страна на наставникот[1].<br>-Самостојно писмено претставување на елементите на нотното писмо [1]. |

[1] Оваа активност е наменета за учениците со лесни пречки во психичкиот развој.

| 3. МУЗИЧКО-СЦЕНСКИ ДЕЛА (20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се потикнува да слуша музичко-сценски дела;<br><br>- да се запознае со животот и творештвото на домашни и странски композитори;<br><br>- да се запознае со карактеристиките на жанрот опера, оперета, балет и мјузикл;<br><br>- да се запознае со животот и творештвото на домашни и странски композитори (преку музички дела посочени за слушање);<br><br>-да се запознае со карактеристиките на различни жанрови на популарната музика. | Музичко-сценски дела:<br><br>- опера<br>- оперета<br>- балет<br>- мјузикл | -Опера<br>-Оперета<br>-Балет | -Запознавање на музичко-сценски дела преку аудио-визуелна демонстрација на соодветни примери од домашни и странски автори.<br>- Запознавање со биографијата и творештвото на композиторот преку ликовно изразување, слушање и гледање на видеозапис од музичкото дело, следење на документарни филмови за композиторите, разгледување на слики, читање на текст[2] и др.<br><br>- Изработка на групен постер за композитор по избор, со помош на слики кои учениците ќе ги изрежат од списанија, принтани материјали од интернет или цртежи кои учениците самостојно ќе ги нацртаат (самостојно или со помош на наставникот).<br>**Опера:**<br>-Запознавање со жанрот опера преку слушање и гледање на дела од домашни и странски автори.<br>Странски автори:<br>Џ.Верди:,,Травијата"или друга опера по избор на наставникот.<br><br>**Оперета:** Запознавање со жанрот оперета преку слушање и гледање на дела од домашни и странски автори.<br>Странски автори: Жак Офенбах: ,,Орфеј во подземниот свет" Јохан Штраус (помладиот):,,Лилјакот" или друга оперета по избор |

[2] Оваа активност е наменета за учениците со интелектуална попреченост кои имаат развиено способност за читање.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Различни жанрови на популарната музика (џез, поп, рок и др.) | -Мјузикл | на наставникот.<br><br>**Балет:**<br>Запознавање со жанрот балет преку слушање и гледање на дела од домашни и странски автори.<br>Домашни автори:<br>Т. Прокопиев:,,Лабин и Дојрана“ или друг балет по избор на наставникот.<br>Странски автори:<br>П. И.Чајковски:,,Оревокршачка“ или друга балет по избор на наставникот.<br><br>**Мјузикл:**<br>Запознавање со жанрот мјузикл преку слушање и гледање на дела од домашни и странски автори.<br>Леонард Бернштајн: ,,Приказна од западната страна“<br><br>Вилијам Лојд Вебер: ,,Фантом во операта“ или друг мјузикл по избор на наставникот.<br><br>Слушање примери од различни жанрови на популарна музика по избор на наставникот и учениците.<br><br>Посета на опера, оперета, балет, мјузикл, како и концерти на популарна музика.<br><br>-Примена на ИКТ во наставата. |

| 4. МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Методи и активности** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со поделбата на музичките инструменти;<br><br>- да ги препознава разликите помеѓу групите инструменти;<br><br>- да ги разликува, препознава, посочува и именува музичките инструменти по начинот на свирење и визуелно;<br><br>- да негува интерес кон инструменталната музика. | Поделба на музичките инструменти на:<br>-жичени,<br>-дувачки,<br>-удирачки и инструменти со клавијатура.<br><br>- Жичени инструменти: трзачки и гудачки<br><br>- Дувачки инструменти: дрвени и лимени(метални) | - Жичени инструменти<br>-Дувачки инструменти<br>-Удирачки инструменти<br>-Инструменти со клавијатура<br><br>- Жичени инструменти: трзачки: харфа, гитара и мандолина<br><br>-Гудачки: виолина, виола, и виолончело и контрабас<br><br>- Дувачки инструменти: дрвени: флејта, пиколо, кларинет, саксофон, обоа, фагот<br><br>-Лимени(метални): хорна, труба, тромбон, туба | - Визуелно и слушно запознавање на секоја група на музички инструменти преку презентација на слики, аудио-визуелни примери, презентација на инструменти и сл.<br>- Цртање и боење на музичките инструменти.<br>-Примена на ИКТ во наставата.<br>- Слушање на музички дела или фрагменти според избор на наставникот со цел претставување и запознавање на инструментот.<br><br>Примери за слушање:<br>**Жичени инструменти:**<br>-Јоакин Родриго - ,,Концерт за гитара и оркестар‘‘ втор став,<br>-Дела за мандолонски оркестар.<br>**Гудачки инструменти:**<br>Римски-Корсаков: ,,Шехерезада” (вовед – гудачи заедно и виолина соло),<br>Сен-Санс: ,,Лебед” (виолончело),<br>и др. по избор на наставникот<br>**- Дувачки инструменти:** дрвени инструменти:<br>Прокофјев: ,,Петре и волкот” (флејта, обоа, кларинет, фагот)<br>-Лимени (метални) инструменти:<br>Примери од изведбите на Луис Армстронг (труба) Мусоргски-Равел: ,,Слики од изложба” - ,,Бидло” (туба); |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -Удирачки инструменти:<br>-со определена висина на тонот: тимпани, ксилофон, вибрафон;<br>-неопределена висина на тонот: триангл, голем тапан, мал тапан, чинели, маракас, дајре, кастањети, гонг<br>- Инструменти со клавијатура: хармоника и пијано | Прокофјев: ,,Петре и волкот” (хорни).<br>**Удирачки инструменти:**<br>Глинка:,,Марш на Черномор” (различни ударни)<br>Равел: ,,Болеро”<br>Примери од популарна, џез и рок-музиката<br>Шопен: Валс цис-молл, Лист: Втора унгарска рапсодија (пијано)<br>Композиции и аранжмани за хармоника<br>Слушање музика: Бенџамин Бритн - ,,Младиот човек воден низ оркестарот“.<br><br>- Посета на музичко-образовни установи како: основни и средни музички училишта;<br>- Факултетот за музичка уметност;<br>- Посета на проба на Македонската филхармонија (Опера) и демонстрација на инструментите во оркестарот;<br>- Посета на симфониски концерт[3]. |

Активноста е наменета за учениците кои се самостојни и имаат способност да учат преку набљудување и слушање.

| 5. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да дискутира за народните музички инструменти;<br>- да објаснува за поделбата на народните музички инструменти;<br><br>- да ја воочува звучноста на народните музички инструменти. | - Народни музички инструменти<br>- Поделба на народните музички инструменти на удирачки, жичени и дувачки | -Народни музички инструменти:<br>-удирачки<br><br>-жичени<br><br>-дувачки | - Запознавање на народните музички инструменти: преку фотографии, видео и аудиоматеријали.<br><br>- Изработка на постер со народни инструменти од локалната традиција, самостојно или со помош на наставникот.<br><br>-Цртање или боење на народни инструменти.<br><br>-Посета на КУД [4]. |

**Напомена:**
Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и, секако, максимални академски постигања.

---

[4] Посетата е наменета за учениците кои имаат способност да учат по пат на набљудување, коишто во одреден степен се самостојни и кај кои патувањето нема да претставува посебна тешкотија.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;

за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална;

- партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;

доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4. 1. КАРАКТЕРСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ

Развојот на учениците со пречки во писхичкиот развој ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите врсници. Спецификите се јавуваат во темпото на развојот, кој најчесто е забавен. Времетраењето и карактеристиките на секоја од развојните фази е специфична за секој ученик.

Кај учениците со пречки во психичкиот развој се аспектирани степенот на интелигенција, квалитетот на перцепцијата, способностите за анализа и синтеза, мислењето, памтењето, вербалните способности, мотивацијата, како и моторните и социјалните компетенции. Овие ученииици се со сиромашен речник, недоволниот лексички фонд не им дозволува адекватно да ги изразат своите мисли и истовремено му го отежнува разбирањето на искажаното од страна на соговорникот. Во говорните ситуации често употребуваат многу воопштени, нејасни, неопределени и несоодветни зборови (исказите не се прецизни или воопшто не се соодветни за предметите за кои говорат).

Тешкотии во ориентацијата во просторот претставува голем проблем при развивање на способностите за читање, пишување и извршување на математичките задачи. Тешкотиите при памтењето доаѓаат до израз во спориот процес на памтење и отсуството на примена на техниките на запамтување. Некои истражувања покажуваат дека и овие ученици можат да бидат успешни, доколку се исполнат одредени предуслови. Секоја нова содржина треба максимално да биде прилагодена на способностите на ученикот, адекватно дозирана со примена на соодветни и за ученикот интересни наставни средства. Неопходно е повеќе пати да се повторува на нови примери, со нови наставни средства и дидактички материјал.

Дури на добро разбрана и усвоена содржина може да се градат нови педагошки барања. Се препорачува изготвување индивидуализирани наставни ливчиња за повторување, утврдување и увежбување на одредени содржини. На краткотрајното задржување на вниманието на некоја содржина (флуктуирачко внимание), може да се влијае преку одредени методски постапки (развивање интерес на содржината кој вклучува едноставни и одредени задачи-налози, разбирливост на градивото кое му се презентира на ученикот, примена на таков дидактички материјал кој е интересен, различен и не е оптоварен со непотребни детали.

Подрачјето на перцептивниот развој вклучува низа компоненти како основа за успешно учење. Особено се значајни оние кои се одговорни за аудитивната, визуелната, тактилната и кинестетичката перцепција, т.е. интерпретацијата на околината од страна на ученикот на споменатите подрачја. Додека во перципирањето секогаш е присутна сензорната дразба на тоа што ќе перципираме влијае состојбата во која се наоѓаме, претходното искуство кое го поседуваме, па според тоа перципирањето не претставува само пасивно регистрирање на дразбите кои делуваат на нашите осетни органи. Предуслов е инатактното сензорно функционирање. Испитувањата покажуваат дека освен тешкотиите во перципирањето во едно осетно подрачје, кај нив може да се јават тешкотии во интеграцијата на информациите од повеќе сензорни подрачја, како и тешкотијата во селективната детекција кои се однесуваат на перцепциите на релевантните карактеристики на дразбата.

Овие ученици најчесто учат по пат на имитации, затоа наставникот треба да биде во улога на модел кој учениците ќе го имитираат.

Учењето нови содржини треба да претставува надградување врз претходното знаење (секојдневните искуства) на учениците. Во таков педагошки дијалог учениците можат да ги покажат сопствените знаења и вештини и активно да партиципираат во текот на часот. Преку педагошкиот дијалог наставникот формира јасна претстава за нивото на усвоеност на одредени содржини и вештини.

При планирањето наставникот треба да го почитува принципот на функционално учење, наученото на часот да биде практично применливо во секојдневното живеење. Тоа ќе биде дополнителен мотив за учениците побрзо и поуспешно да учат. Учениците ќе бидат мотивирани, а интересот за учење ќе биде голем доколку наставната содржина е презентирана во вид на приказна, со стил близок и разбирлив за учениците. Треба да се избегнува оптоварување со фактографски податоци кои се речиси неупотребливи за оваа популација. Учениците треба да се постојано ангажирани, и, истовремено задоволни, а наставникот дискретно треба да ги има сите во фокус и, секако, да се обидува да одговори на нивните специфични потреби и афинитети.

## 4.2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

Учениците со аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција (имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата). Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно.

Карактеристика за нив е што многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од било каква природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така, претставува постојаното повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторувањето на одредени движење (ехопраксија). Тие претпочитаат да бидат сами, но и кога во нивното окружување има други лица се однесуваат резервирано (повлечено). Кај нив се јавуваат сериозни проблеми кога треба да се дружат со други лица (иако се присутни во иста просторија со нив тие се однесуваат како да не ги забележуваат, како да се потполно сами во просторијата). Манифестацијата на лошо расположение, настапите на лутина и гнев без видливи причини се, исто така, карактеристични за учениците со аутизам.

Ученикот со аутизам не сака близок контакт. Воопшто, нечија близина, особено на лица кои не ги познава или не ги прифаќа делуваат вознемирувачки и скоро секогаш се проследени со специфични манифестации.
Тие малку или воопшто не воспоставуваат контакт со очите со соговорникот или останатите присутни во окружувањето. Голем број од овие ученици опсесивно се врзуваат за одреден предмет, кој може постојано да им е во рацете.

Многу специфично се однесуваат при манифестирање на болката. Така на пример, тие манифестираат хипер или хипо-сензитивност на болка без видливи причини за таков вид реакција. Тие немаат или не манифестираат чувство за опасност дури и во моменти кога постои сериозна опасност.

Изразената хипо или хиперактивност е, исто така, нивна карактеристика. Најголем број од нив имаат развиена фина моторика. Во одредени ситуации се однесуваат како да се глуви и покрај тоа што аудиограмите не покажуваат редукција на слухот. Генерално, проблемите во воспоставувањето на вербалната и невербалната комуникација и социјалните односи воопшто претставуваат голема бариера и тешкотија. Кога говориме за вниманието, велиме дека нивното внимание е лабилно и краткотрајно, што, секако, претставува проблем кој го отежнува воспоставувањето на контактите.

Овие ученици најчесто се насочени кон сопствените потреби. Тие се обидуваат на себе својствен начин да ги реализираат сопствените потреби, притоа користејќи ја невербалната комуникација.
Многу често се забележува моторен немир кој се манифестира на за нив својствен начин изразен преку различни видови стереотипни движења (трчање во круг, постојано вртење околу сопствената оска, лулање на телото, плескање со рацете, повторување на зборови). На овие манифестации треба да се гледа како на секундарни симптоми на нивната специфична состојба. Главниот проблем треба да се лоцира во сферата на разбирањето и користењето на реципрочните интеракции.

Претходно наведените манифестации во однесувањето не треба да значат дека тие не се нежни или дека воопшто не можат да воспостават комуникација со останатите и /или дека доцнат во развојот на социјалните вештини.

Имено, тие имаат потешкотии со различните интеракции (давање и земање во вистинска смисла на зборот, како стил и форма на комуникација со другите). Природата на проблемите и потешкотиите се забележува и во интерактивните игри со врсниците. При обидите за воспоставување каков било вид комуникација тие не реагираат воопшто или реагираат несоодветно на одредена ситуација. Карактеристично за нив е дека се ,,вклучуваат во светот" само тогаш кога нешто им е потребно. Затоа, треба да се искористи секој таков момент затоа што во тој момент го забележуваат соговорникот со што се отвора можност за комуникација.

Тие манифестираат огромен распон на вниманието за повеќе видови активности. Може истовремено да бидат заинтригирани со повеќе различни активности, но, исто така, може да поминат долг временски период фокусирани на една многу едноставна активност.

Се случува спонатано или доколку се поттикнати да се вклучат во заедничка активност со другите ученици. и покрај тоа што се физички присутни во просторијата да не учествуваат активно или, пак, воопшто да не воспоставуваат комуникација.

Кај овие ученици се јавуваат проблеми во извршување на задачите. Кај нив се случуваат епизоди на плачење или смеење без за тоа да постојат видливи причини.

Нивниот говор е сиромашен, монотон и често звучи како ехо (одек). Доколку одговорат на поставеното прашање тоа го прават на специфичен начин.

Карактеристично за овие ученици е што не прифаќаат и несоодветно одговараат на одредени стандардни методи на учење и поучување. Овие ученици најдобро напредуваат во ,,педагошки амбиент" кој е добро структуиран согласно нивните потреби. Покрај амбиентот, треба да се понудат соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои може да се модифицираат во зависност од потребите и способностите. Заради хетерогеноста на причините и манифестациите за овие ученици не постои пристап или систем кој би бил универзално ефикасен и добар за сите.

При изработката на индивидуалниот образовен план наставникот (во соработка со родителите) треба да се концентрира на оние области во кои врз основа на комплексната проценка ученикот успешно ќе ги реализира поставените цели. Акцентот при планирањето треба да биде на адекватното образование за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција. Една од главните цели на наставникот треба да биде успешно вклучување и подобро прифаќање на секој ученик од околината што е од пресудно значење за нив.

Важни предуслови за вклучување на учениците со аутизм во воспитно-образовниот процес и успешно реализирање на истиот се: да им се обезбеди чувство на сигурност, чувство на доверба во наставникот, да им се обезбеди востановена шема во дневните активности, временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности; да им се обезбедат соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации, како и да се практикува активно и директивно воспоставување на комуникација со различни субјекти (со различна динамика и квалитет, а задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како куси, сукцесивни и едноставни чекори.

## 4.3. КАРАКТЕРСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ

Развојот на учениците со пречки во психичкиот развој ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите врсници. Спецификите се јавуваат во темпото на развојот кој најчесто е забавен. Времетраењето и карактеристиките на секоја од развојните фази е специфична за секој ученик.
Кај учениците со пречки во психичкиот развој се аспектирани степенот на интелигенција, квалитетот на перецепцијата, способностите за анализа и синтеза, мислењето, памтењето, вербалните способности, мотивацијата, како и моторните и социјалните компетенции. Овие ученииици се со сиромашен речник, недоволниот лексички фонд не им дозволува адекватно да ги изразат своите мисли и истовремено го отежнува разбирањето на искажаното од страна на соговорникот. Во говорните ситуации често употребуваат многу воопштени, нејасни, неопределени и несоодветни зборови (исказите не се прецизни или воопшто не се соодветни за предметите за кои говорат).

Тешкотиите во ориентацијата во просторот претставуваат голем проблем при развивање на способностите за читање, пишување и извршување на математичките задачи. Тешкотиите при памтењето доаѓаат до израз во спориот процес на памтење и отсуството на примена на техниките на запамтување. Некои истражувања покажуваат дека и овие ученици можат да бидат успешни, доколку се исполнат одредени предуслови. Секоја нова содржина треба максимално да биде прилагодена на способностите на ученикот, адекватно дозирана со примена на соодветни и за ученикот интересни наставни средства. Неопходно е повеќе пати да се повторува на нови примери, со нови наставни средства и дидактички материјал. Дури на добро разбрана и усвоена содржина може да се градат нови педагошки барања. Се препорачува изготвување индивидуализирани наставни ливчиња за повторување, утврдување и увежбување на одредени содржини. На краткотрајното задржување на вниманието на некоја содржина (флуктуирачко внимание), може да се влијае преку одредени методски постапки (развивање интерес на содржината кој вклучува едноставни и одредени задачи-налози, разбирливост на градивото кое му се презентира на ученикот, примена на таков дидактички материјал кој е интересен, различен и не е оптоварен со непотребни детали.

Подрачјето на перцептивниот развој вклучува низа компоненти како основа за успешно учење.Особено се значајни оние кои се одговорни за аудитивната, визуелната, тактилната и кинестетичката перцепција т.е интерпретацијата на околината од страна на ученикот на споменатите подрачја. Додека во перципирањето секогаш е присутна сензорната дразба на тоа што ќе перципираме влијае состојбата во која се наоѓаме, претходното искуство кое го поседуваме, па според тоа перципирањето не претставува само пасивно регистрирање на дразбите кои делуваат на нашите осетни органи. Предуслов е инатактното сензорно функционирање. Испитувањата покажуваат дека освен тешкотиите во перципирањето во едно осетно подрачје, кај нив може да се јават тешкотии во интеграцијата на информациите од повеќе сензорни подрачја ,како и тешкотијата во селективната детекција кои се однесуваат на перцепциите на релевантните карактеристики на дразбата. Овие ученици најчесто учат по пат на имитации, затоа наставникот треба да биде во улога на модел кој учениците

ќе го имитираат. Учењето нови содржини треба да претставува надградување врз претходното знаење (секојдневните искуства) на учениците. Во таков педагошки дијалог учениците можат да ги покажат сопствените знаења и вештини и активно да партиципираат во текот на часот. Преку педагошкиот дијалог наставникот формира јасна претстава за нивото на усвоеност на одредени содржини и вештини.

При планирањето наставникот треба да го почитува принципот на функционално учење, наученото на часот да биде практично применливо во секојдневното живеење. Тоа ќе биде дополнителен мотив за учениците побрзо и поуспешно да учат. Учениците ќе бидат мотивирани, а интересот за учење ќе биде голем доколку наставната содржина е презентирана во вид на приказна, со стил близок и разбирлив за учениците. Треба да се избегнува оптоварување со фактографски податоци кои се речиси неупотребливи за оваа популација. Учениците треба да се постојано ангажирани и истовремено задоволни, а наставникот дискретно треба да ги има сите во фокус и, секако, да се обидува да одговори на нивните специфични потреби и афинитети.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот музичко образование за IX одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставните програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност со потребите на учениците и планираните активности.
При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

### ➢ Годишен фонд на часови

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** |
|---|---|---|
| 1. | Вокална интерпретација | 14 часа |
| 2. | Музичка писменост | 12 часа |
| 3. | Музичко - сценски дела | 20 часа |
| 4. | Музички инструменти | 14 часа |
| 5. | Народно музичко творештво | 12 часа |
| **Вкупно:** | | **72 часа** |

*Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

**Наставни средства:**

- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, говорна табла, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (слики - ПЕЦС материјали, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 7. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (бројчано оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

## 8. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 9. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во IX одделение на деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија;
- факултет за музичка уметност – други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација во акредитирана установа, со дополнителна дефектолошка дообразба;
- дипломиран дефектолог.

## 10. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- пее нови песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- разликува рамноделни и нерамноделни тактови по слух;
- применува правилна вокална интерпретација;
- развива способност за слушање на музичко дело;
- развива способност за целосно слушње на музичко дело;
- воочува, препознава и разликува разни видови музички дела;
- ги препознава по слух и именува слушаните дела (композитор и наслов);
- стекнува навика за слушање музичко-сценски дела;
- ги именува музичките елементи на музичко-сценските дела;
- стекнува сознанија за животот и творештвото на одредени комозитори;
- се запознае со претставниците на популарната музика во Македонија;
- ги споредува жанровите на популарната музика;
- формира музички вкус;
- формира сопствен став за убавото во музиката;
- ги продлабочува знаењата за дурските и молските скали;
- ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост;
- ги препознава и именува видовите инструменти;
- ги продлабочува знаењата за музичките форми;
- ги продлабочува знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво;
- развива умеења и навика за примана на ИКТ при реализација на поставените задачи.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставна програма по ***музичко образование*** за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците **со пречки во психичкиот развој, аутизам и мултихендикеп** во посебните училишта и во посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр. 12-15188/1

22.09.2015 година

Министер

________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделнение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор